Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје
Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Број: 02-7300/1
Датум: 25.11.2026 година
Скопје

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 178/21, 58/24 и 124/25), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 425/19) и член 57 од Статутот на Медицинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 458/19 и број 458/21-анекс), Деканот на Факултетот на ден 25.11.2026 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за распишување на избори за претседател и членови на Факултетско студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје

Член 1

Се распишуваат избори за претседател и 24 (дваесетичетири) членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје.

Член 2

Изборот за претседател и членови на Факултетското студентско собрание ќе се одржат со тајно гласање online на ден 28 декември 2026 година (понеделник), преку лиценцирана платформа за електронско гласање, која што ја гарантира тајноста на гласањето, во период од 10 до 17 часот.

Член 3

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје во следниот состав:

1. Д-р Анита Арсовска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје;
2. Д-р Александар Станков, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје;
3. Петар Мацовски, студент на прв циклус студии, запишан во шестта година, во XI-ти семестар, на студиската програма по општа медицина, со број на индекс 19989;
4. Александар Недев, студент на прв циклус студии, запишана во шестта година, во XI-ти семестар, на студиската програма по општа медицина, со број на индекс 20468;
5. Кала Дренковска, студентка на прв циклус студии, запишана во четвртта година, во VII-ми семестар, на студиската програма по општа медицина, со број на индекс 20542.

Член 4

Изборната комисија од член 3 на оваа одлука:

- ја спроведува изборната постапка/и
- донесува Одлука со која констатира дека предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите да бидат предложени за членови во Факултетското студентско собрание. Во одлуката се наведува личното име на кандидатот, дали е запишан во семестарот, односно во годината кога се вршат изборите, студиската година, студиската програма и сл. Одлуката од комисијата е конечна;
- ги утврдува резултатите од гласањето
- составува записник за резултатите од гласањето на Факултетот и за крајниот резултат;
- врши други работи со цел спроведување на изборите.

Изборната комисија донесува Упатство со кое се утвдува начинот на работа, начинот на гласање преку електронските средства, образецот на записникот, начинот на пребројување на гласовите, резултатот од гласањето, известувања и сл., чување и увид во изборната документација и за други прашања поврзани со постапката за организација на изборите, гласањето и утврдување на резултатите од гласањето.

Упатството се објавува на интернет-страницата на Факултетот, најдоцна 7 дена пред одржување на изборите заедно со Одлуката со која се констатира дали предложените кандидати ги исполнуваат, односно не ги исполнуваат условите.

Член 5

Се задолжува изборната комисија од член 3 на оваа Одлука изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Медицинскиот факултет во Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Член 6

Студентите лично, преку архивата на Факултетот или преку електронската пошта на официјалниот мејл на Факултетот (medf@medf.ukim.edu.mk) доставуваат пријава за кандидати за претседател или членови на Факултетското студентско собрание до Изборната комисија, најдоцна 10 (десет) дена пред одржување на изборите, односно најдоцна до 18.12.2026 (петок).

Во пријавата за кандидат за претседател и член на Факултетското студентско собрание задолжително се пишува името и презимето на студентот и бројот на индекс.

Факултетското студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите по години од додипломски и од постдипломски и докторски студии и тоа:

- четири преставници од прва година од сите студиски програми на Факултетот;
- четири преставници од втора година од сите студиски програми на Факултетот;
- четири преставници од трета година од сите студиски програми на Факултетот;
- три преставници од четврта година од студиската програма по општа медицина и четригодишните академски студии за дипломиран логопеди;
- три преставници од петта година од студиската програма по општа медицина;
- три преставници од шестта година од студиската програма по општа медицина;
- еден преставник од постдипломски студии од областа на јавно здравје и
- двајца преставници од сите студиски програми за докторски студии.

Член 7

Врз основа на доставените пријави од студентите за кандидати за преседател или членови на Факултетското студентско собрание, Изборната комисија ја донесува одлуката од член 4, став 3, алинеја 1 на оваа одлука најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на изборите.

Член 8

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Фалултетското собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната 2026/2027 година.

За Претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар и кој покрај пријавата за кандидатура, достави и писмен предлог до Изборната комисија потпишан од најмалку 5% од вкупниот број на студенти од Факултетот кои имаат право на глас.

За избран претседател и членови на Факултетското студентско собрание се смета/сметаат кандидатот/кандидатите кои добиле најмногу гласови од студентите на Факултетот кои гласале.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а задолжително да се објава на интернет-страната на Факултетот.

Декан

Проф.д-р Светозар Антовиќ